Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по претставката бр. 08-373/1 од 06.07.2022 година, врз основа на член 40 став 6 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015 и 65/2018) го донесе следното

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-373/2
19-09-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕШЕНИЕ

Претставката бр. 08-373/1 од 06.07.2022 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] бр. 12-2/2, Скопје, за заштита од дискриминација СЕ ОТФРЛА.

## Образложение

Лицето [redacted] на 06.07.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) поднесе барање заведено под бр. 08-373/1, за заштита на права како работник на позиција медицинска сестра во Приватна здравствена установа [redacted].

Наводите во барањето се однесуваат на прекршувања на права од работен однос, меѓу другото, на не исплаќање на додаток за работен стаж (минат труд), додаток за прекувремена работа, користење на годишен одмор и сл. Кон претставката, подносителот не приложи документација со која ги поткрепува наводите во претставката.

Комисијата анализирајќи го горенаведеното барање утврди дека не е надлежна да постапува по таквото барање, односно истото да го смета како претставка за заштита од дискриминација.

Имено, Комисијата разгледувајќи ја претставката утврди дека не е надлежна да постапува по претставката согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), од причини што во конкретниот случај се работи за повреда на права од работен однос за што се предвидени други законски постапки во надлежност на инспекциски орган од областа на трудот, како и соодветна судска постапка пред надлежен граѓански суд.

Од горенаведените причини, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Скопје,
19-09-2022.2022 година

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација,
Претседател,
Кире Василев


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk